OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на член 38, став 1, точка 8 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 8.11.2019 година, ја донесе следната

**ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА**
**за именување член на Надзорниот одбор**
**на Охридска банка АД Скопје**

1. За член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје се именува следното лице:

   – Ханс Лудвиг Диксер од Р. Австрија, роден 1967 година, со висок степен на образование, студии по право.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.

3. На членот на Надзорниот одбор му припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со Одлука на Собранието на Банката.

4. Оваа Одлука влегува во сила по издавањето на согласноста за именување член на Надзорниот одбор од страна на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**СО Бр.**
**8.11.2019**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**претседавач,**

____________________________

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со Законот за банките („Сл. весник на РСМ“ бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013,15/2015, 153/2015, 190/2016, 7/2019 и 101/2019) и на Статутот на Банката, Надзорниот одбор е орган на управување на Банката.

Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука која влегува во сила по добивањето согласност од гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

Во согласност со Статутот на Банката, Надзорниот одбор се состои од 5 (пет) члена, од кои 3 (три) се од редот на акционерите и 2 (два) се независни.

Членот на Надзорниот одбор треба да ги исполнува условите од членот 53 од Статутот на Банката.

Мандатот на членот на Надзорниот одбор изнесува 4 (четири) години.

На седницата на Надзорниот одбор на Банката, која се одржа на 26.9.2019 година, Ханс Лудвиг Диксер беше оценет како соодветен за вршењето на функцијата член на Надзорниот одбор на Банката.

Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката со доставување предлог за кандидатите за членови на Надзорниот одбор, кој содржи податоци за возраста, образованието и за другите професионални квалификации, за работното искуство, податоци за тоа во кои друштва биле или се членови на органи на управување, односно на надзорен одбор, и за други поважни функции што ги вршеле. Податоците за предложените кандидати треба да се бидат достапни за сите акционери најдоцна седум дена пред Собранието да пристапи кон избор.

Одлуката за именување на членот на Надзорниот одбор се смета за донесена ако за неа се изјаснале мнозинството од акционерите кои поседуваат акции со право на глас, претставени на Собранието.

Оваа Одлука влегува во сила по издавањето на согласноста за именување член на Надзорниот одбор од страна на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија